**Додаток бр. 1**

**Правила за реализација на грантови за Здруженија и Фондации по**

Програма V2- Програма за Социјална заштита – трансфер до НВО

- Планиран термин прибирање проекти од областа на **" Социјалната заштита** "од Здруженија и Фондации од Општина Струмица за 2014 година, од Програмите V2 Програма за социјална заштита-Трансфер до НВО, од Буџетот на Општина Струмица за 2014 година е **седум дена од објавувањето на јавниот повик.**

- Планиран термин за реализација на проектот е: 16.06.2014 до 16.12.2014 година, со евентуално продолжување на истиот од оправдани причини.
- Доколку финансиската реализацијата на грантот не започне најдоцна 15 дена од утврдениот термин за почеток, а за причината носителот на проектот не го извести давателот на грантот писмено, ќе се смета дека Носителот се откажал од користењето на грантот со што важноста на овој договор престанува.

Доколку финансиската реализација на грантот не заврши најдоцна 15 дена од утврдениот термин за завршување на финансиската реализација на грантот и за тоа писмено не го извести давателот на грантот, Општината ќе ги прекине понатамошните исплати по основа на овој грант.

- Грантот ќе биде искористен на следниот начин:
    - Добиените средствата во рамките на севкупниот планиран буџет на предлог проектот, ќе бидат префрлени на посебната под сметка на Носителот, парцијално.
    - Општината ќе префрли на подсметката на носителот средства по однапред добиени кратки наративни и финансиски извештаи за претходно реализираните активности од проектот, како и доставените барања за плаќање од страна на Корисникот на грантот, исклучиво доставени до архива на Општина Струмица.
- Носителот мора средствата да ги троши согласно активностите во предлог проектот и не смее да врши прелевање помеѓу ставките без писмена согласност од општината.

- Грантот ќе биде трансфериран на Носителот на посебна подсметка која ќе ја отвори Носителот исклучиво за потребите на проектот.

- Носителот е Здружение или фондација кое грантот го добива заради придонес во развојот на локалната заедница, кое изјавува дека со применот грант нема да остварува профит, нема да го користи спротивно на активности допуштени со Уставот, законите и подзаконските акти на Република Македонија, недозволено да располага со истиот и да повластува други лица.
- Носителот се обврзува грантот да го користи во целост за намената за која е примен, а во случај да престанала потребата или условите за искористување на грантот, Носителот е должен веднаш да го врати на Општината.

- Носителот по завршувањето на проектот се обврзува на општината да и достави целосен завршен извештај (наративен и финансов) според формуларот, (*Додаток бр.2).* до **15. 01. 2015 година,** за потрошениот износ на грантот.

При трошењето на добиените средства и составувањето на Извештаите, Носителот е обврзан да ги користи насоките и Формуларите дадени како додатоци, (примерок на финансиски извештај, примерок на наративен извештај) и правилата и насоки за реализација на грантовите за Здруженија и фондации.

- Извештаите треба да содржат:
    - ***Наративниот извештај*** треба да содржи – кратка анализа на користење грант. Тек на реализција на прикажаните проектни активности, опис на постигнатите ефекти од реализацијата на активностите и опис на напредокот во остварување на утврдените цели, односно доказ за реализација на проектните активности (слики,медиумски записи и др.)
    - ***Финансискиот извештај*** за начинот на трошење на средствата од грантот, треба да содржи целосен финасиски извештај, копии од сите изводи, фактури, ситуации, договори и сметки за трошоци направени во врска со користење на грантот.
- Носителот има обврска во сите свои печатени материјали и јавни настапи врзани со проектот кој што е предмет на склучениот Договор, да наведе дека е поддржан од Општината. На печатените материјали или на веб страницата , на видливо место, треба да биде испечатено логото -симболот на давателот на грантот.
- Општината го задржува правото за вршење на контрола за начините на користење на грантот во согласност со Договорот и со додатоците, преку контрола на документите и начинот на реализацијата на задачите во седиштето на Носителот или во местото на реализацијата на проектот, вршење на попис на опремата набавена како дел од грантот, како и преку давање на дополнителни информации и појаснувања кон извештаите.
- Општината го задржува правото да побара доставување на почести или дополнителни финансиски извештаи како и претходно одобрување за секоја измена во буџетот во случај кога Носителот има потешкотии во исполнувањето на финансиските барања.
- Општината го задржува правото доколку настанат одредени ситуации да прекине со исплатата на дел од одобрениот грант.
- Извештаите и документите кои ќе ги поднесува, Носителот е должен да ги чува 10 години, во кој период општината има право во секое време да врши увид по потреба.
- Во случај Носителот да го злоупотреби грантот, или го користи спротивно на намената, веднаш по сознанието за злоупотребата или недопуштеното располагање, истиот ќе биде одземен.
- Во случај на неискористување и злоупотреба грантот ќе мора да се врати на Општината по ист пат како што е и добиен.
- Доколку Носителот го злоупотребил грантот или го користел спротивно на намената, губи право во иднина да аплицира за добивање на грант.
- За позициите во буџетот што се побарувани од општината, **Јавните набавки** ќе бидат извршени од страна на Носителот.
- Во случај на повреда на обврските, преземени по склучувањето на Договор, општината има право на заштита на своите права согласно позитивните законски прописи.
- Во случај на судски спор страните ќе се обратат на надлежниот суд во Струмица.

**Градоначалник**
**на општина Струмица**
**Зоран Заев**